Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Вељко Влаховиќ " 66, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 01-0565/2
15.03. 2016 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 4 и 5 од Законот за судовите ( „Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08 и 150/10), во врска со член 31 Законот за Судскиот совет („Службен весник на Република Македонија" бр.60/06, бр.150/10, 100/11, 20/15 и 61/15), Судскиот Совет на Република Македонија на седницата, одржана на 14.03.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за критериуми за давање на согласност на судија за вршење на активности во високообразовна институција

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат критериумите и условите за давањето на согласност на судија за вршење на активности во високообразовна институција.

### Член 2

Судија може да држи предавања на високообразовна институција, како и да учествува во определени научни проекти, ако ги исполнува следниве услови:

- да има најмалку шест години непрекинат судиски стаж;
- да има позитивна оцена за работата од страна на Советот;
- да има позитивни резултати во работењето во тековната година, кога се бара согласност;
- да не му е изречена дисциплинска мерка за утврдена дисциплинска повреда од Советот во последните две години и
- да има барање од високообразовна институција за ангажирање на судијата.

**Член 3**

Советот дава согласност за вршење на активности во високообразовна институција, по поднесено писмено барање од судијата, покрепено со барање од високообразовната институција за потребата од ангажирање на истиот судија.

Барањето задолжително содржи податоци за исполување на условите од член 2 од овој правилник, како и за начинот на ангажирање на судијата (наставна година, предмети, број на часови, вид на настава, место и време на вршење на активностите).

**Член 4**

По барањето за согласност постапува членот на Советот кој според годишниот распоред за работа на Советот е одговорен за судот во кој судијата, подносител на барањето, ја извршува судиската функција.

По потреба членот на Советот врши извиди и проверки во врска со поднесеното барање.

Членот на Советот, како известител, на седница на Советот, го презентира барањето за согласнот и дава предлог на одлука по барањето.

За барањето одлучува Советот на истата седница.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен на веб страната на Судскиот совет на Република Македонија.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бранко Ушковски**